РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6521 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ликовно образование за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИ СО
ОШТЕТЕН ВИД

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2008

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## I ОДДЕЛЕНИЕ

# 1. ВОВЕД

Предметот *ликовно образование* претставува составен дел од концептот за деветгодишно основно образование. Се изучува како задолжителен предмет од I до IX одделение. Од I до V одделение застапен е со по два часа неделно, односно 72 часа годишно. Од VI до IX одделение бројот на часовите се изучува со по еден час неделно, односно 36 часа годишно.

Ликовното образование нуди можност за стекнување трајни и употребливи знаења и вештини за ликовно изразување. Тоа им помага на учениците со оштетен вид да го спознаат светот и да се интегрираат во него.

Преку наставата по ликовно образование се поттикнува психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот развој на учениците, се развива нивната фантазија и чувството за естетско проценување. Ученикот/ученичката учи да набљудува, да ги осознава уметничките вредности и да воспоставува врска со уметноста која ќе биде присутна во текот на целиот негов/нејзин живот.

Ликовното образование се темели на процесот на истражување и творештво. Тоа ги уважува и ги следи развојните фази на учениците, нивното ликовно изразување и творење, а, придонесува и за корекција на недостатоците во развојот кои произлегуваат од непостоењето или намалената функција на визуелниот апарат. Од наставникот се бара креативен и флексибилен пристап во реализацијата на наставата според интресот и способностите на учениците.

Предложените активности и методи во наставната програма овозможуваат интеграција на содржините со програмата по ликовно образование, музичко образование, математика, македонски јазик, запознавање на околината и ориентација и мобилност.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се воведува во спознавањето на ликовниот јазик: запознавање со боја, линија, форма и површина;
- да се воведува во светот на ликовното творештво;
- да развива интерес, фантазија и детска креативност за ликовно изразување;
- да развива способност за изразување на своите доживувања преку ликовниот јазик;
- да развива тактилна и визуелна перцепција;
- да развива вештини за моделирање на предмети;
- да формира правилни претстави за предметите што го/ја окружуваат;
- да умее да го пронајде взаемниот распоред на предметите;
- да го открива, да го запознава и да го почитува сопственото ликовно изразување;
- да развива интерес и да го почитува ликовното изразување на другите;
- да развива интерес за вклучување во облагородувањето на просторот во кој престојува, како и во уредувањето и одржувањето на надворешниот простор;
- да се поттикнува да се ослободува од стрес и емоционална напнатост преку ликовното изразување;
- да се запознава со детски ликовни творби, уметнички ликовни творби, како и со дел од народното творештво;
- да се воведува во користењето на информатичката компјутерска технологија во ликовното изразување (за слабовидните ученици).

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да развива интерес за ликовна работа и творење;
- да развива интерес за запознавање со предметите преку активен допир;
- да развива способност за ориентацијата на мал простор (лист хартија);
- да го развива тактилното сетило;
- да разликува по тактилен пат едноставни облици на предмети;
- да ја развива визуелната перцепција со набљудување слики со едноставни цртежи;
- да се воведува во користењето на оптичките помагала (лупа) при набљудувањето;
- да развива вештини за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање и градење во ликовното изразување;
- да го открива и да го запознава ликовниот јазик - ликовните елементи: линија, боја, форма, плоштина и нивната примена во ликовното творештво;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештвото;
- да открива разни постапки на ликовно изразување (со капење, гребење, прскање, туфитање и др.);
- да развива графомоторички способности и координација око-рака;
- да развива способности за моделирање предмети;
- да развива способности за сфаќање на тридимензионалните тела во рамен приказ;
- да се оспособува да набљудува, да споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите;
- да се поттикнува практично да ги применува стекнатите ликовни вештини;
- да се поттикнува да развива културни, хигиенотехнички и работни навики за одржување на личната хигиена и хигиената на средствата за работа;
- да развива чувство за чување и облагородување на својата училница;
- да умее вербално да ја објасни својата ликовна творба;
- да се запознава со компјутерската техника за цртање и боење на различни видови површини.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ/МОДЕЛИРАЊЕ* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги запознае и именува подлогите и цртачките материјали (хартија, молив, дрвени бои и др.);<br>- да се поттикнува фокусирано да ја набљудува непосредната околина;<br>- да се оспособи да користи лупа за набљудување;<br>- да се оспособува да стекне сигурност и контрола на движењето на раката;<br>- да се оспособи правилно да го држи моливот, боицата, фломастерот и др.;<br>- да се оспособи да користи различни моливи за добивање разновидни линии со различна дебелина, интензитет и прецизност, да црта и да комбинира различни линии (хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, тенки, дебели, долги, куси, испрекинати, искршени и др.);<br>- да се стимулира да ги претставува предметите и објектите од непосредната средина (со детали);<br>- да ги организира нацртаните објекти на подлогата;<br>- да забележува што е горе, што е долу, лево од, десно од, пред, зад; | - Основни средства за цртање и нивна употреба<br><br>- Ликовни елементи во цртањето<br><br>- Цртање | -Хартија,<br>- молив,<br>- дрвени бои,<br>- цртање,<br>- линија,<br>- цртеж,<br>- тенка – дебела,<br>- испрекината,<br>- долга – куса,<br>- права – крива. | - Црта линии со различни моливи, со фломастери со различна дебелина (набљудува каква е линијата);<br>- црта линии со радла и шило;<br>- набљудува конкретни предмети и појави во околината;<br>- ги набљудува луѓето кои го окружуваат;<br>- со лупа ги забележува линиите на одделени предмети (лук, кора од дрво, морков и сл.) и истите ги црта;<br>- воочува сличности меѓу дланката и лист од јавор;<br>- воочува особини на различни едноставни предмети;<br>- набљудува предмети со различна текстура;<br>- набљудува и воочува слики со едноставни предмети со изразени контури и основни бои;<br>- споредува траги од разни моливи (HB, од B1 до B12);<br>- црта линии со различна дебелина и истите ги комбинира;<br>- црта искршени, брановидни, испрекинати, паралелни хоризонтални, паралелни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се воведе во цртањето илустрација на дадена содржина (текст, музика, анегдота);<br>- да се поттикнува да црта самостојно, во тандем и групно. | | | вертикални, паралелни дијагонални (дождовни капки, запци од чешел, селски плот, морски бранови, пајакова мрежа и др.);<br>- истражува на кои подлоги може да се црта.<br>- се црта (моделира) себеси, омилената играчка, своето другарче, семејството;<br>- црта (моделира) смешно животно, лик од приказна и др.;<br>- црта (моделира) по свој избор. |

| СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги запознае и да ги именува подлогите и сликарските материјали (хартија, темперни бои, четка, платно);<br>- да се поттикнува да ракува со материјалите за сликање;<br>- да ги препознава и да ги именува основните бои и нивните нијанси;<br>- да се поттикнува креативно да се изразува со боја;<br>- да ја одржува хигиената на облеката и на приборот за сликање. | - Основни средства за сликање и нивнта употреба<br><br>- Сликање | - Сликање,<br>- боја,<br>- основни бои,<br>- светло-темно,<br>- палета,<br>- темпера,<br>- водни бои,<br>- колаж,<br>- површина, | - Вежби за запознавање на основните сликарски материјали;<br>- набљудува едноставни цртежи и ги воочува контурите на предметите;<br>- набљудува репродукции, слики во галерии, на Интернет, во музеи и сл.;<br>- воочува во непосредната околина: светло-темно (ден-ноќ и др.);<br>- вежби: сликање на разновидни подлоги (различни по форма, големина, боја, дебелина и др.;<br>- колоритно се изразува во техниката колаж (составува колаж на едноставен предмет со основни бои);<br>- изработува рељефен цртеж со разни материјали;<br>- слика на одредена тема;<br>- слика по свој избор. |

| ПЕЧАТЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да воочи дека со кој било предмет премачкан со боја може да се добие негов отпечаток;<br>- да осознава дека истиот предмет отпечатен од различна страна (па и со тркалање) ќе даде различни отпечатоци;<br>- да се поттикнува да избира самостојно предмети со кои ќе печати;<br>- да се поттикнува да прави мозаик на едноставни предмети;<br>- самостојно да печати и да учествува во изработка на печатите (шаблоните);<br>- да осознае дека со печатењето е можно повторување на истата форма (добивање речиси исти отпечатоци);<br>- да се оспособува самостојно да го држи печатот и прави отпечатоци;<br>- да ја регулира и контролира силата (притисок, стисок) на дланката и да развие чувство на ритмичко движење на раката. | - Основни материјали за печатење<br><br><br><br><br><br>- Печатење | - Печатење,<br>- печат (шаблон),<br>- отпечаток,<br>- форма,<br>- шара. | - Набљудува, воочува и препознава со кој предмет (шаблон) кој отпечаток е направен;<br>- набљудува разни видови отпечатоци;<br>- прави отпечаток на дланката;<br>- споредува отпечатоци на нерамна и мазна подлога, на бела или тонирана подлога;<br>- користи разновидни печати (шаблони);<br>- печати со природни материјали;<br>- печати со сунѓери во разни форми (прави разни комбинации);<br>- прави мозаик со клинци со печуркасти и топчести глави;<br>- печати на мазна и рапава хартија;<br>- печати на текстил и слични материјали;<br>- печати на тонирана хартија;<br>- печати со лисја од растенија, плодови и сл. (поголеми, помали, со разни форми и текстури кои претходно се премачкани со боја);<br>- со повторување на истиот отпечаток да направи шара (шара за шамија и сл.);<br>- со комбинирање на разновидни шаблони да прави разни композиции (автомобил, воз, куќа);<br>- низ игра да истражува со печатење врз разновидни подлоги (пластика, текстил, дрво и др.). |

| МОДЕЛИРАЊЕ И ОБЛИКУВАЊЕ (РАБОТА СО ХАРТИЈА)* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да запознае некои материјали за моделирање и обликување;<br>- да ја набљудува и истражува околината и да ги забележува различни форми меѓу предметите;<br>- да истражува материјали преку визуелни и тактилни сетила;<br>- да моделира со материјали со додавање и одземање;<br>- да се запознава со техниката на работа;<br>- да се запознава со обликувањето преку спојување, градење и конструирање со помош на разни форми и материјали;<br>- да истражува дека одредени материјали можат да се користат на начин поинаков од вообичаениот;<br>- да се привикнува да работи во група;<br>- да ја развива моториката. | - Основни средства за моделирање<br><br>- Моделирање<br><br>- Основни средства за обликување<br><br>- Обликување | - Моделирање,<br>- обликување,<br>- празно-полно,<br>- меко-тврдо,<br>- вдлабнато-испакнато,<br>- отворено-затворено,<br>- рапаво-мазно,<br>- внатре-надвор,<br>- издупчено,<br>- пластелин,<br>- тесто,<br>- глина. | - Обликување форми и моделирање (со песокот, снегот, глината, пластелинот);<br>- набљудува форми од непосредната околина и на нив забележува големина, текстура (рапаво- мазно), облик и др.;<br>- игра и комбинира форми едни до други, едни врз други, собрани, разделени, ги набљудува од различен агол и осветлување;<br>- го набљудува и го чувствува просторот (внатре-надвор, отворен-затворен, празно-полно);<br>- воочува внатрешен и надворешен простор преку набљудување на садови, цевки, кутии и др.;<br>- набљудува и допира површини на вештачки и природни материјали со разновидна текстура (кора од дрво, разни плодови, крзно и др.);<br>- прави облици од различни форми, едноставни предмети според модели;<br>- разликува обликување на пластелин, глина, тесто;<br>- прави нови облици со кукли, сообраќајни средства со текстил, јута, волна, волница хартија, фолија, стиропор, коноп, пластика, конци, сунѓер, природни и вештачки, необликувани, полуобликувани и обликувани;<br>- комбинира гранки, плодови, семиња, лисја, чашки од афион, кора од стебло, мов, камчиња, школки и прави фигури на животни, куќи и др.; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - конструира мост, градби и друго од отпаден материјал;<br>- превиткува хартија (оригами). |

| ЛИКОВНИ ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**:<br><br>- да се воведува во истражувачка постапка (набљудување, споредување, претпоставување, изведување заклучок);<br>- да се ослободи од стравот и грижата од валкањето, како и од неуспехот при творењето;<br>- да ја одбира положбата на своето тело во однос на подлогата додека твори;<br>- да ја развие ликовната љубопитност;<br>- да истражува и да заклучува дека познатите предмети или нивните делови можат да се променат и да се употребат на нестандарден начин. | - Ликовно изразување преку истражување | - Растворливо-нерастворливо,<br>- суво-мокро,<br>- течно-цврсто. | - Истражувачки активности со нестандардни ликовни материјали<br>- црта на нестандардни подлоги (црта на снег, песок, глинена плоча, картон, дрво, пластика и др.);<br>- црта со неликовни материјали (со чешел, стапче, четкичка за заби, крпче, четкичка за шминка, стара шминка, лак за нокти и др);<br>- црта или лепи врз слики (од календар, постери);<br>- трансформира звук во цртеж/моделира предмет (слуша звуци со различен интензитет, ритам и сл. и истото го претставува со различни линии);<br>- слика на различни подлоги и стекнува искуство на кои подлоги може да се слика, а на кои не и зошто;<br>- слика со природни бои;<br>- гребе, длаби, ренда меки материјали (свеќа, сапун и др.);<br>- креативно се изразува преку различни постапки: капење, дување, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | прскање, туфирање, гребење, пре-клопување и др.;<br>- споредува траги кои сликарските материјали ги оставаат на целофан, весникарска хартија, пластична фолија, шишиња, стара шапка, стар чадор, газа, дрво, камен, старо ЦД и др.;<br>- претпоставува какви бои ќе добие со цедење на зеленчукови и овошни плодови;<br>- цеди овошни и зеленчукови плодови и слика со добиените сокови. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

➢ Наставните содржини од предметот ***ликовно образование*** даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко образование и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

➢ Наставникот во работата со учениците со оштетен вид треба да ги има предвид специфичностите на методско-дидактичкиот пристап во зависност од степенот на оштетување на видот (слепило и слабовидност) и карактеристиките на формираните представи (сиромашни, непотполни, неправилни представи) за светот што ги окружува. При реализирање на содржините треба да претходи час на кој учениците по пат на конструирање ќе се запознаваат со предметите и нивните делови, со што добиваат претстави за составните делови на предметите и нивната целина.

➢ Посебно важен дел од ***ликовното образование*** за слепите деца е моделирањето како средство за формирање на начини на тактилно перципирање. Преку моделирањето се развива фината мускулатура за пишување и читање на Брајовото писмо и координацијата на движењата. Учениците учат активно да го запознаваат светот што го окружува, изразувајќи ги формата, обемот, големината и особините на предметите. На тој начин моделирањето придонесува за продлабочување на знаењата и попрецизно запознавање на околината.Техниката на моделирање претставува важен сегмент во подготовката на ученикот и неговото оспособување за пишување.

- Во наставата со слабовидните ученици, наставникот треба да ги има предвид специфичностите на визуелната перцепција при услови на намалена функција на видниот апарат. Тој треба да има подготвени примероци (цртежи, слики, модели) за секој (слабовиден/слеп) ученик и да ги „води” учениците со детални вербални упатства (да перципираат и да ги осознаат основните карактеристики на предметите кои треба да ги репродуцираат).
- Улогата на наставникот се состои во тоа што го поттикнува и фали секое дете при ликовното изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

## Годишен фонд на часови

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање/моделирање* | 30 часа |
| 2. | Сликање | 16 часа |
| 3. | Печатење | 8 часа |
| 4. | Моделирање и обликување (работа со хартија)* | 10 часа |
| 5. | Ликовни истражувачки активности | 8 часа |
| **Вкупно:** | | **72 часа** |

*Забелешка:Бројот на часовите е даден ориентационо. Со знакот * се посочува на потребата да се прилагодат темите и бројот на часови според степенот на оштетување на видот односно, за слепите ученици акцент ќе биде даден на моделирањето, а за слабовидните ученици на цртањето.*

## Наставни средства:

- разни извори на учење од непосредната околина (материјали за цртање и сликање, материјали за печатење и обликување, предмети во природата и околината, кутии, четки, хартија, плодови, гранки и сл.);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни и тактилни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, релјефи, релјефни слики, модели, скулптури, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик.

На крајот на годината се изведува сумативна опсина оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. 06. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, БРО - Скопје
2. м-р Елизабет Солтирова, директор, ОУ „Владо Тасевски" - Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***ликовно образование*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1960/6
02. 10 2008 год.
СКОПЈЕ

-----------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ____________________________